**39(497.6)(091)**
**316.7(497.6)(091)**

**Богдан Д. Дражета**
**Одделение за етнологија и антропологија**
**Филозофски факултет, Универзитет во Белград**
**e-mail: drazetab@gmail.com**

# ЕТНОЛОГИЈАТА И АНТРОПОЛОГИЈАТА ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА: МИНАТО, СЕГАШНОСТ, ИДНИНА

**Апстракт:** Трудот претставува краток осврт на ситуацијата во која се наоѓа етнологијата и антропологијата во Босна и Херцеговина, од своето конституирање до современиот период, во текот на различните социоекономски системи и културни рамки, како и на насоките по кои таа можеби ќе се развива понатаму. Поголемиот дел од досегашните истражувања во оваа област доаѓаат од перото на автори од „развиените“ земји, како и од домашните автори што се школувале и усовршувале на тамошните универзитети. Нивниот фокус главно се темели на теми поврзани со воените конфликти и повоената општествена реалност. Меѓутоа, Одделението за етнологија на Народниот музеј во Сараево, пред почетокот на војната во 1992 година, своето внимание го насочувало кон традициската култура на одделните „етнографски микрорегиони“. Токму поради поврзаноста со музејските, но не и со академските институции, етнологијата во Босна и Херцеговина не ја доживеала антрополошката трансформација што ги зафатила Србија, Хрватска и Словенија во текот на седумдесеттите години на минатиот век. Неколкуте обиди таа да се втемели на универзитетите не вродиле со плод. Како оваа дисциплина понатаму ќе се развива е големо прашање. Сепак, нејзиното понатамошно вообличување има потенцијал за согледување на минатите и сегашните културни и општествени процеси во Босна и Херцеговина. На тој начин се добива увид во тоа дека сложеноста на ова подрачје може во иднина да биде поттик за некои идни истражувања и движења.

**Клучни зборови:** етнологија и антропологија, Босна и Херцеговина, историја на дисциплината, етнолошки и антрополошки истражувања, перспектива во развојот.

## Краток историјат на етнологијата и антропологијата во Босна и Херцеговина

Етнологијата и антропологијата во Босна и Херцеговина е втемелена со основањето на Народниот музеј во Сараево во 1888 година, поточно

на Етнолошкото одделение во рамките на оваа институција[1]. Работата на ова одделение имала свои развојни фази, почнувајќи од австроунгарското владеење, преку периодот на Кралството СХС/Југославија и социјалистичка Југославија, сè до последната војна (1992 – 1995) и современиот период. Веќе од 1889 година се започнало со објавување на *Гласникот на Народниот музеј во Сараево* (*Гласник Земаљског музеја у Сарајеву*), кој во континуитет излегувал сè до деведесеттите години на минатиот век, во својство на најстаро музејско списание на тие простори (Vajić 2012: 189). Во книжевно-фолклористичкото списание *Босанска вила*, на крајот на XIX и во почетокот на XX век, се објавувале текстови во вид на етнографски прилози. Некаде во тој период започнува и работата на Јован Цвииќ (Јован Цвијић) во Босна и Херцеговина, како и на неговите ученици (Дрљача, Ракић 1999: 400–401)[2]. Во периодот кога постои Кралството на Србите, Хрватите и Словенците/Југославија, работата на музејот стагнирала, главно поради финансиски тешкотии (Vajić 2012: 191). Покрај Народниот, во 1930 година во Бања Лука е основан Музеј на Врбската Бановина, каде што работеле етнолози на музеолошки и научноистражувачки дејности. По Втората светска војна и основањето на неколку регионални и национални музеи и Институтот за фолклор при Народниот музеј, биле забележани одредени поместувања. Тоа може да се види во преземањето колективни етнолошки истражувања, кога биле обработени околу десетина географски пределски целини (Дрљача, Ракић 1999: 401–403). Постои и посебна студија за наведените и за други регионални и национални музејски комплекси со етнолошки збирки ширум Босна и Херцеговина (Leka 2017).

Научниот опус на Миленко С. Филиповиќ, во периодот пред, а посебно по Втората светска војна, бил насочен кон истражувања на многу краеви во Босна, со тоа што овој „предок во дисциплината“ имал и одредени забелешки на сметка на работата на самите етнолошки институции во БиХ. Имено, тој во својата статија *Етнолошката (етнографската) работа во Босна и Херцеговина* од 1955 година ги критикувал активностите на различните стручњаци од Народниот музеј во текот на австроунгарската

1 Првите четири години по основањето, археолошкото и етнолошкото одделение биле споени, но во 1892 година етнолошкото се одвојува и конечно во 1913 година се сместува таму каде што се наоѓа и денес, во павилјонот на музејот (Popić Filipović 2012: 1–4). Денес, музејот има четири отсеци, наведени по овој редослед: Отсек за материјална култура, Отсек за духовна култура, Конзерваторска работилница и Отсек за документација. „Odjeljenje za etnologiju Zemaljskog muzeja Bosne i Hercegovine“, http://www.zemaljskimuzej.ba/bs/etnologija, пристапено на: 21.10.2018.

2 Како што пишува Милан Карановиќ, произлегува дека Јован Цвииќ не наишол на широка поддршка од сите тогашни истражувачи на народниот живот. *Упатствата за проучување на селата во Босна и Херцеговина* (*Упутства за проучавање села у Босни и Херцеговини*) на Цвииќ од 1898 биле примени од страна на свештеникот Стјепе Трифковиќ, но никогаш не биле прифатени во целост од страна на сите оние што можеле да ги следат (Карановић 1937a: 101–109; Карановић 1937b: 186–191).

управа во БиХ, наведувајќи го нивното намерно свртување на вниманието од етничката и националната реалност заради измама на посетителите[3]. Професионализмот, според неговото мислење, треба да биде критериум за изучување на овој простор, а не спонзорите од Белград, Загреб или пак од Виена да „издвојуваат" кој, каде и како да истражува (Миљковић Матић 2012: 74–77). Освен тоа, тој сметал дека целокупниот народен живот е невозможно да се набљудува уедначено и единствено на ова подрачје и дека се потребни опсежни проучувања со точно одреден аспект од кој би се проучувало (на пр. исхрана или економија). Босна претставува „благодарно подрачје за етнолошки истражувања", бидејќи нејзиното население поседува многу „архаични елементи" во културата, иако во текот на проучувањата би морало да се води сметка за хронологијата, географската распространетост и улогата, т.е. функцијата на тие елементи на културата[4]. Меѓутоа, бидејќи во таа статија го критикувал занимавањето со „старинските" облици на култура, прозван се почувствувал и Шпиро Кулишиќ (Шпиро Кулишић), негов тогашен пријател и колега, наставник по етнологија на Одделението за географија на Филозофскиот факултет во Сараево[5]. Резултатот бил теориско-методолошки, но и „меѓучовечки" раздор помеѓу нив двајцата, детално разработен во посебен труд (Gorunović 2006: 185–204). Работата на Миленко С. Филиповиќ во етнолошките и антрополошките истражувања на Босна и Херцеговина е важна за согледување на севкупната сложеност на ова подрачје, за што информираат и други автори (Миљковић Матић 2018: 104–106, 117–119; Глушчевић и др. 1962: 13–24). Југословенската етнологија во Босна и Херцеговина обликувала стручњаци за една одредена област или „етнографски микрорегион" (веќе споменатите географски пределски целини), од што биле создавани значителни етнографски архиви од „описна и високотехничка природа". Токму поради поврзаноста со музејските, но не и со академските институции, етнологијата и антропологијата во Босна и Херцеговина не ја доживеала антрополошката трансформација што ги зафатила Србија[6], Хрватска и Словенија во текот на седумдесеттите

3 Ќерката на Миленко, Радмила Филиповиќ-Фабијаниќ, напишала слична статија под наслов *Kratak pregled i karakteristike etnološkog rada u BiH u vremenu 1945–1969* (Filipović-Fabijanić 1970: 155–159).

4 Некои од тие трудови на Филиповиќ поврзани за Босна носат наслов *Живот и обичаји народни у Височкој нахији* (Филиповић 1949), *Рама у Босни* (Филиповић 1955) или *Попово у Херцеговини – антропогеографски приказ* (Филиповић, Мићевић 1959). Слична е и монографијата на Радмила Кајмаковиќ за Семберија (Kajmaković 1974), како и трудот на Ѓорѓе Пејановиќ што го прикажува историско-демографскиот развој на населението на БиХ (Пејановић 1955).

5 Во периодот од 1950 до 1962 година, кога ова одделение било укинато.

6 Трансформацијата на српската етнологија, почнувајќи од седумдесеттите години на минатиот век, сумирано ја обработил Иван Ковачевиќ, осврнувајќи се на романтичарските деветнаесетвековни и предвоени корени (Ковачевић 2005: 11–18). Слободан Наумовиќ се занимавал со истата тема од агол на општествените, економските и политичките процеси (Naumović 2002: 7–37).

години на минатиот век (Kurtović 2014a: 46–49)[7]. Стручњаците го сметале Сараево како попатна станица во кариерата кон „подобра“ работна позиција. Сепак, тогашните истражувања на вработените во Народниот музеј создале препознатлив модел на етнографско истражување, наречен *Сараевска школа за етнологија* (*Сарајевска школа етнологије*). Тимската работа, стандардизираните прашалници и аудиовизуелните содржини собрани при истражувањата на зададена географска област се само некои од карактеристиките на оваа школа. Критиките на Миленко Филиповиќ на сметка на „методолошката крутост“ одѕвонувале и по неговата смрт во 1969 година, иако тие промени биле бавни, со дополнително непостоење на поширока институционална поддршка за нивно спроведување на територијата на Босна и Херцеговина (Kurtović 2014b: 305–327).

Во текот на осумдесеттите години на XX век, етнолози од Народниот музеј почнуваат со истражување на ефектите од модернизацијата, новите услови за живот на луѓето и урбаните целини. За време на војната, тие собирале податоци за секојдневниот живот на жителите на Сараево, а биле организирани дури и две изложби во самиот музеј[8]. По потпишувањето на Дејтонскиот договор во 1995 година излегоа две свески на Гласникот, а за време на војната една заедничка. Спроведени се три теренски истражувања од страна на вработените, финансирани од неколку државни министерства. Музејот, исто така, беше оштетен за време на војната во подрачјето на Сараево. Непостоењето на единствено Министерство за култура на ниво на БиХ условило Народниот музеј да зависи од краткорочните донации, па во октомври 2012 година тој бил привремено затворен, а платите на вработените не биле исплаќани со месеци наназад (Kurtović 2014a: 46–49). Сепак, во 2015 година музејот повторно ќе биде отворен, иако прашањето на долгот во висина од околу 1,5 милиони евра сè уште не е решено[9]. Интензивната работа на вработените во Народниот музеј во Сараево е во периодот од 1947 до 1957, кога се збогатени колекциите посветени на материјалната и духовната култура на населението во Босна и Херцеговина. Тогаш биле откупени многу елементи, како што се: селска покуќнина, алати за производство, земјоделство, лов, риболов, текстил и за други дејности, како и народни носии. Тие послужиле како основа за стратешко планирање на понатамошниот откуп во т.н. *Бела книга*. Така, до 1992 година, биле собрани повеќе од 15 500 предмети, додека денешната етнографска збирка

7 За сличниот развој на хрватската и словенечката етнологија да се видат трудовите на Јасна Чапо и Валентина Гулин Зрниќ, како и тие на Дуња Рихтман-Аугуштин и на Рајко Муршич (Rihtman-Auguštin 1994: 151–158; Čapo, Gulin Zrnić 2014: 49–62; Muršič 2003: 113–125; Muršič 2017: 55–69).

8 Сите музејски експонати во текот на воените конфликти се спасени (Popić Filipović 2012: 1–4).

9 Otvoren Zemaljski muzej Bosne i Hercegovine”, Al Jazeera Balkans, 15.9.2015, available at: http://balkans.aljazeera.net/vijesti/otvoren-zemaljski-muzej-bosne-i-hercegovine, последно посетен на 21.10.2018.

содржи малку повеќе од 18 000 предмети и близу 300 комплети носии (Bajić 2012: 191–192).

Сепак, Народниот музеј не е единствената институција во која работеле етнолози. На Филозофскиот факултет на Универзитетот во Бања Лука, етнологијата е приклучена на студиите по географија во 1994 година. Меѓутоа, по две учебни години, географското одделение потпаднало под надлежност на Природно-математичкиот факултет, и наместо двопредметни студии по географија и етнологија, била воведена туризмологија. И покрај иницијативите за повторно воведување на етнологија на Филозофскиот факултет во Бања Лука, не следел таков развој на настаните (Дрљача, Ракић 1999: 398–400). Интересот за социјалната и културната антропологија во Босна и Херцеговина пораснува во последно време[10], првенствено благодарение на специјалистите образовани на Запад, како и на литературата објавена во Србија и Хрватска. Во врска со ова, во следниот дел од овој труд ќе бидат спомнати етнолошки и антрополошки истражувања во Босна и Херцеговина по последната војна. Во текот на учебната 2009/2010 година, во рамките на програмата за магистерски студии на Факултетот за политички науки во Сараево, е организиран и имплементиран модулот *Вовед во социокултурната антропологија* под раководство на колешката Лариса Куртовиќ (Лариса Куртовић).

Нејзиниот истражување на оваа високообразовна институција сумарно е прикажано во посебен труд, при што авторката, освен давањето увид во студентските теми и трудови создадени врз основа на етнографско истражување на подрачјето на Сараево, направила и одредување на поимот *социокултурна антропологија*. За неа тоа е спој на две сродни и никогаш целосно одвоени научни традиции – на „британската“ социјална антропологија и американската културна антропологија – кои настанале со систематизација на компаративното истражување на незападните култури со цел да се пронајде одговор на амбициозното прашање: „Што значи да се биде човек?“. Авторката извлекува историска нишка во дисциплината помеѓу фолклористичките и музејските истражувања, преку етнолошките во добата на социјализмот, сѐ до денешните напори социокултурната

10 И самиот јас бев сведок за интересот на една личност од БиХ за докторски студии по етнологија и антропологија на Филозофскиот факултет во Белград и на последователните уписи. Освен тие личности, уште неколку луѓе ми зборуваа дека сакале да запишат додипломски студии, но немале каде. На студиите од прв циклус на Отсекот за географију на Природно-математичкиот факултет во Сараево постои задолжителен предмет Етнологија на Босна и Херцеговина (применет карактер), како и изборен предмет Етнологија (општ карактер). „Smjer turizam i zaštita životne sredine“, http://www.pmf.unsa.ba/geografija/files/I%20ciklus/Turizam_i_zatita_ivotne_sredine.pdf, пристапено на: 21.10.2018. Истоимен предмет Етнологија има во планот и програмата на магистерските студии на Отсекот за социологија на Факултетот за политички науки во Сараево. Сите споменати предмети ги предава Џелал Ибраковиќ. „Odsjek sociologija master studij“, http://fpn.unsa.ba/b/wp-content/uploads/2017/02/B-SOC-NNP_MA-2015-161.pdf, пристапено на: 21.10.2018.

антропологија да добие место на босанско-херцеговските универзитети (Kurtović 2011: 359–383).

Како што може да воочи, неколкуте обиди академски да се втемели дисциплината за која зборуваме не вродиле со успех. Домашната научна продукција има дадено труд достоен за внимание, што фрла (авто)рефлексивна ретроспектива на теренските истражувања (Beljkašić-Hadžidedić 2007). Постои и труд за „брвнарите“ и народното градителство во Босна (Bugarski 2009), како и придружна студија на Аиша Софтиќ (Аиша Софтић) во врска со второто издание на книгата на Антун Ханги за обичаите на муслиманите во БиХ (Softić 2009: 459–533). Истата авторка се занимавала со усните преданија на Бошњаците (Softić 2005), а Нирха Ефендиќ со бошњачката усна лирика (Efendić 2015). Џелал Ибраковиќ се занимавал со историско-етнолошките аспекти на Босна и на Бошњаците (Ibraković 2008). Тука е и трудот за погребните обичаи на Бошњаците (Križanec-Beganović 2017: 233–253). Бранко Пјевиќ се занимавал со традиционалната култура на Србите од Сараевско Поле (Пјевић 1998).

Еден од аспектите на овој систем на вредности, кој истиот автор детално го обработува, е трудот посветен на преденките, седенките и селското заедничко дружење. Во него се наведува типологија на овие поими и нивните дефиниции, заедно со историско-демографскиот и просторниот контекст на истражуваното подрачје (Пјевић 2008: 33–73). Истражувањата на секојдневната култура на жителите на Усора (Katić 2011), на подрачјето на Равне-Брчко (Katić, Marčetić 2014) и на Нови Травник (Katić, Bugarin 2016) се значајни во контекст на анализата на „етнографските микрорегиони“. Како понатаму ќе се развива етнологијата и антропологијата на ова подрачје е големо прашање. И покрај напорите на поединци, не може да се каже дека државата ја признава важноста на проучувањето на луѓето што живеат на таа територија бидејќи не се обидува да им помогне на луѓето што работат во музеи, додека пак, од друга страна, им го препушта ова поле на милост и немилост на аматерите и самопрогласените стручњаци. Токму поради тоа што никогаш не била цврсто втемелена академски како наука, етнологијата и антропологијата сега е во таква тешка ситуација што страда како „производ на својот политичко-економски контекст“ (Куртовић 2016: електронска порака, 9.10.2016).

Сепак, Босна и Херцеговина и нејзината етнологија не се осамен пример во социјалистичка Југославија. Етнологијата во другите две републики во рамките на поранешната држава не го зазела своето место на научната сцена како што е случајот со Србија, Хрватска и Словенија. Развојот на етнологијата во Македонија е тесно поврзан со развојот на српската етнологија, не само во наставната туку и во полето на научната мисла. На Филозофскиот факултет во Скопје, на Катедрата за географија, започнал да се предава предметот *Етнологија* од учебната 1922/1923 година, а веќе од 1927 година е формиран Етнолошкиот семинар, на кој биле ангажирани Воислав Радовановиќ и Миленко Филиповиќ. Нивната студентка Вера Кличкова раководела со Одделот за етнологија во 1945

година, во Народниот музеј на Македонија. Од друга страна, студентот на Тихомир Ѓорѓевиќ и Јован Ердељановиќ, Бранислав Русиќ[11], го водел Етнолошкиот семинар сè до учебната 1952/1953 година, кога оваа група е укината (Malinov 2018: 101–116). Понатамошниот развој може да се согледа низ целосното потиснување и сместување на етнологијата во рамките на предметите од студиите по географија, за во 1988 година повторно да бидат вратени на Институтот за географија. Во 2005 година е формиран Институтот за етнологија и антропологија како организациона единица во рамките на Природно-математичкиот факултет во Скопје (Risteski 2017: 7–9).

Во Црна Гора ситуацијата е слична на онаа во Македонија или пак Босна и Херцеговина. Развојниот пат на етнолошката и антрополошката дисциплина се одвива во неколку институции, со отсуство на нејзино академско втемелување и поширока афирмација. Во 1951 година е основан Етнографскиот музеј на Црна Гора на Цетиње и е придружен во 1964 година на Националниот музеј на Црна Гора, во чиишто етнографски работни единици дејствувало и Друштвото на етнолози на Црна Гора (1978 – 1985). Одборот за етнологија на Црногорската академија на науките и уметностите е основан во 1973 година, а своето внимание главно го насочува кон проучување на традициската култура и пределските целини. За првпат етнологијата како предмет е воведена на Факултетот за културни студии во Цетиње во 1981 година. Од 1994 година се воведува предмет *Етнологија* на студиите за социологија на Филозофскиот факултет во Никшиќ, денес исто така присутен според наставната програма[12]. Во последните дваесет години се присутни проекти за промоција и заштита на културното наследство, со помош на активисти на разни домашни и други музеи (Вујачић 2005: 45–53; Đukić, Popović, Vučinić Nešković 2014: 199–206). Овие две етнолошки традиции се дадени заради споредба со состојбата на етнологијата во Босна, а сите три се карактеризираат по тоа што во голема мера се маргинализирани за време на СФРЈ. Можеби некоја од следните студии би можело подетално да истражува како паралелно течел развојот на дисциплините во секоја од шесте југословенски републики, па состојбите во наведените три да се стават во поширок социоекономски и политички контекст, што секако не е предмет на овој текст.

11 Професорот Русиќ бил ангажиран и околу основањето на Институтот за фолклор во Скопје во 1950 година, денес Институт за фолклор „Марко Цепенков“.

12 Постојат и други антрополошки предмети на студиите по социологија и психологија. Тоа се: *Вовед во социокултурната антропологија, Културна антропологија, Антропологија на современоста и на популарната култура и Антропологија на популарната култура*. „Univerzitet Crne Gore – Lidija Vujačić“, https://www.ucg.ac.me/radnik/190981-vujacic-lidija, пристапено на: 21.10.2018. На Факултетот за политички науки во Подгорица постои предмет *Политичка антропологија*, на додипломските и на магистерските студии (Đukić, Popović, Vučinić Nešković 2014: 200).

## Што се истражувало, а што се истражува во/за Босна и Херцеговина?

Во овој дел од трудот ќе се занимавам со тоа какви теми се истражувани во Босна и Херцеговина, пред сѐ, од странските етнолози и антрополози (меѓу кои и домашни со странско образование)[13]. Во оваа насока, може да се забележи одреден опсег на теми што се „добри“ за истражување во оваа област. Така, може да се забележи дека по војната (1992 – 1995), во контекст на економските, политичките и општествените трансформации, БиХ стана плодна почва за етнографски истражувања. Лариса Куртовиќ не гледа на „цветањето“ на овие теми како „нужно лоша работа за босанската етнологија“, особено бидејќи истражувачите однадвор успеале да обезбедат „корисни сознанија во врска со повоената економија, политичката припадност и меѓународна интервенција“. Сепак, постои стравување дека можеби претходната генерација различни етнолошки специјалисти ќе се заборави, па така и теренот ќе им се остави на понатамошно обликување на оние што доаѓаат „од страна“. Како што наведува таа, би требало да ги имаме предвид претходните истражувања и оние што се реализираат денес, па, така, да се осигури основа „дека Босна може да даде една цела нова генерација етнографи“. Така, „останува да се види дали моментот на криза ќе биде претворен во простор на можности“ (Kurtović 2014a: 49–51).

Кога станува збор за дела на странски автори, во периодот на СФРЈ излегуваат две монографии што произлегуваат од студијата за етничките и економските односи во седумдесеттите години во едно село во централна Босна (Lockwood 1975), како и за изградбата на етничкиот и верскиот идентитет на босанските селски муслимани за време на осумдесеттите години (Rand Bringa 1991). Секојдневниот живот за време на војната во Сараево го анализирала Ивана Мачек, која живеела сето тоа време во овој град (Maček 2009). На истото подрачје Лариса Куртовиќ се занимавала со културните настани за време на војната. Од 1992 до 1996 биле одржани дури 182 претстави, 170 изложби и 48 концерти. Радио ЗИД не го прекинувало своето емитување, додека група ентузијасти печателе разгледници на кои се исмевала воената секојдневица (Kurtović 2015: 197–224).

По војната, присутни се теми како што се меѓуетничкото помирување во Брчко и Мостар (Moore 2008, 2013, 2016), потрагата по социјални врски и нивната застапеност, хуманитарната акција во еден мал град во северниот дел на БиХ (Brković 2012, 2014, 2016) или пак изградбата на општествените односи и секојдневните практики во однос на категориите, процедурите и

13 Кога велам *домашни антрополози*, мислам на етнолозите – антрополозите на просторот на бивша Југославија, научно, културно и лингвистички слични поради што би можело да бидат третирани како една група. Во овој текст напоменувам дека не се наведени истражувањата на сите автори што се занимавале со БиХ по војната, туку тие до кои дојдов со истражување, читање и во разговор со колегите.

приоритетите на локалните и глобалните актери, кои вршат преобразба на општеството во БиХ (Jansen, Brković, Čelebičić 2017). Стеф Јансен во своето етнографско истражување се фокусира на желбата на обичните луѓе за „нормален живот“, пред сè на жителите на сараевската населба Добриња. Влијанието на институционалната структура врз поимањето на сопствениот животен стандард на граѓанинот е истражувано преку ставовите и однесувањето во јавниот превоз, функционирањето на едно основно и на едно средно училиште пред, за време и по Граѓанската војна, како и на локалната месна заедница (Jansen 2015). Покрај тоа, тој во посебна статија го презентира проблемот на *границите* и нивната материјализација во просторот во случајот на поделбата на Сараево. Како, кога, од кого и за која цел се создаваат границите што подоцна ќе го обликуваат секојдневниот живот на луѓето во дадена област е антрополошко прашање, вели авторот (Jansen 2013: 23–36).

Питер Лок, од гледна точка на медицинската антропологија, се обидува да дознае како клиничката дијагноза на цели групи луѓе во Сараево се користи како маска за да се прикријат вистинските политички, економски и социјални незадоволства. Имено, странските вложувања во повоените психијатриски истражувања и обука на вработените, кои работат во институциите чија задача е да им помогнат на жителите со воени трауми, „во пракса“ не вродиле со плод. Локалните невладини организации и здравствените институции се обидувале да ги приспособат и применат достигнувањата на науките за ментално здравје од запад на локалните проблеми, создавајќи јаз помеѓу себе и жителите на Сараево (Biehl, Locke 2010: 327–337). Со поствоените наративи за доживеаните трауми се занимава Торстен Колинд. Истражувањето е работено во херцеговското место Столац меѓу бошњачката заедница, чии членови одлучиле да се вратат во своите домови по војната. Неговите заклучоци се движат од една крајност, каде што луѓето не можат военото насилство и етничката политика да ги „исфрлат“ од своите наративи, до друга крајност, каде што етничките категории се нејасни во однос на окружувањето во кое живеат и она што го пропагираат официјалните идеологии (Povrzanović Frykman 2003: 62–63, според Kolind 2002). Андерс Стефансон исто така го истражува враќањето на бегалците во своите куќи со постојниот наратив за помирување чиишто протагонисти се главно меѓународните институции. Етнографската студија е работена во Сараево и Бања Лука (Stefansson 2007: 59–77; Stefansson 2010: 62–76).

Андреј Гилберт истражувал како и до кој степен западените концепти на градење држава, демократизација и развој „пуштиле корење“ во БиХ по потпишувањето на Дејтонскиот договор. Контекстот на поствоеното враќање на бегалците и обидот на домашните и меѓународните актери да изградат ново и различно општество се споредува со она што луѓето го мислат за минатото (историска имагинација) и со она што сметаат дека е политички возможно (политичка имагинација) во тој момент (Gilbert 2017). Во своите трудови една интересна тема работи Азра Хромаџиќ. Нејзиниот

фокус на наставниците и учениците од Мостарската гимназија укажува на наполна замрсеност на тоа што го пропагираат владејачките идеологии (на етничка основа). Иако одделенијата во рамките на гимназијата се етнички одвоени, учениците се *мешаат* така што ги поминуваат своите одмори со цигара и разговор во заедничките простории (библиотека, сала за информатика, тоалети, канцеларија). Наставниците со хрватска и босанска националност се „здружиле“ во текот на штрајкот за зголемување на платите и вреднување на нивниот статус во општеството во 2006 година, иако дотогаш седеле на спротивните страни во канцеларијата. Авторката смета дека сите се чувствувале „напуштено“ од страна на локалната и на државната администрација *како незадоволни граѓани*, без оглед на тоа како се изјаснуваат за себеси. Токму ваквите пракси не се во согласност со етнизацијата на секојдневниот живот во повоена БиХ, каде што етничкото прашање стана главно прашање во образовните структури и политиката (Hromadžić 2011: 269–286; Hromadžić 2012: 30–48; Hromadžić 2015: 1–17; Hromadžić 2017).

Елена Баси се занимавала со влијанието на перцепцијата на границата во просторот врз основа на етнографските истражувања на просторните наративи и практики на жителите на Сараево и Источно Сараево. Со комбинирање на пристапот „одозгора“ и „одоздола“, односно со разговорите со институционалните челници и жители на двата дела од градот, авторката утврдила дека постоењето на граници не ја „нарушува“ секојдневната пракса, без оглед на симболичното одбележување на територијата со знамиња, имиња на улици и изградба на светилишта (Bassi 2013: 69–79; Bassi 2014: 93–105; Bassi 2015: 101–113). Со прашањето на имотноправните односи во различните правно-политички рамки во БиХ и односот на избеганите сарајлии спрема дисконтинуитетот во станбената политика се занимавала Заира Тицијана Лофранко (Lofranco 2012: 179–209). Ондреј Жила се занимава со популациските динамики на трите мнозински народи (1971 – 1991), како и со меѓуетничките тензии, кои се зголемиле од почетокот на војната во контекст на влошувањето на социоекономската состојба на федерално, југословенско ниво. Истиот автор ја истражува перцепцијата на куќата, домот на бегалската популација, со постоечкиот мит за враќање. Враќањето на имотот не значи и повторно чувство дека постои *куќа* за оние што се населиле со живот на друго место, бидејќи тој термин опфаќа и начин на живот, значи многу повеќе од само локација (Žila 2013: 5–25; Žila 2015: 130–145). Френ Марковиц го запознава читателот со наративите и практиките на жителите на Сараево во контекст на поимање на зградите, споменициите, музеите, улиците, историјата и другите урбани аспекти. Таа наведува дека во својата книга има цел да истражи „како сарајлиите управуваат, преговараат, репродуцираат и го менуваат она што тие мислат дека се, и тоа во рамките на авторитативниот дискурс на историјата, во интеракција со Владата, низ своите средби за изградената средина и во однос со другите луѓе и личности со кои го делат истиот кварт, град, држава и континентот“ (Markovitz 2010).

Со женскиот активизам во рамките на невладините организации и политичките институции во бошњачката заедница се занимава Елиса Л. Хелмс. Нејзината докторска дисертација се засновува на двегодишна теренска работа со жените активистки и нивното учество во формирањето на родовиот и етнорелигиозниот идентитет (Helms 2003). Лариса Јашаревиќ го забележала доаѓањето на мароканскиот исцелител Меки Тараби во Сараево во периодот 2010 – 2011 година. Во таа прилика, таа го набљудувала неговото јавно исцелување од аспект на њу ејџ „трендот" во последните неколку децении, т.е. желбата на луѓето да чувствуваат сигурност и емпатија од другите во тешките животни околности. На сличен начин таа го третира и собирањето на луѓе од различни делови на светот на т.н. Босански пирамиди во Високо. Овој секако антрополошки феномен ги поттикнува луѓето да размислуваат, слават, зборуваат и да дејствуваат надвор од рамките што ги наметнува современиот свет, вели авторката (Jašarević 2014: 1–13; Jašarević 2017: 179–193). Гзавие Бугарел, заедно со Елиса Л. Хелмс и Хер Даузингс уредија зборник на трудови *The New Bosnian Mosaic*. Многу од авторите што ги спомнав во претходниот дел од текстот дадоа свој придонес во оваа триделна обемна збирка различни статии. Симболичните наслови на деловите (*Иза етницитета*, *Иза древне мржње*, *Иза протектората*) ги отсликуваат повеќеслојните погледи „одоздола" на современите проблеми со кои се соочуваат жителите на Босна и Херцеговина. Зборникот дава увид во тематскиот опус на истражувачите во повоена БиХ (Bougarel, Helms, Duijzings 2007).

Концептот на „антагонистичка толеранција" применет низ работата на истиот проект упатува на заедничко натпреварувачко користење на верските објекти и дава почетна точка за истражување на мултирелигиските средини. Различните заедници се заемно толерантни, а нивните членови живеат „хармонично во непосредна близина, еден покрај друг". Од друга страна, овие заедници се во исто време антагонистички бидејќи секоја поединечно себе се смета како група поразлична од оние другите (Hayden 2002: 205–219; Hayden et al., 2016). Позиционирањето на една верска заедница преку контрола на клучните верски локации е почетна историска основа, а потребно е и верските групи да имаат одреден степен синкретизам (Hayden et al. 2016: 19–20), што во случајот на народната религија на народите (Бошњаци, Срби и Хрвати) од јужнословенскиот простор не треба посебно да се докажува (Duranović 2011: 69–142, 193–195; Bandić 2008: 55–67; Čvrljak 1984: 97–123). Овој модел во голема мера е развиен од страна на американскиот антрополог Роберт М. Хејден, кој наведува дека етничките и верските заедници во Босна и Херцеговина имаат развиено свест за својот групен идентитет, иако медиумските и научните кругови промовирале слика на мултикултурен рај (Hayden 2007: 105–117). Лариса Куртовиќ своето истражување го спроведе во Јајце, каде што преку приказната на својата информаторка го анализира односот помеѓу изборниот успех на политичките партии и перцепцијата на таа рамка од страна на луѓето, понекогаш ненамерно ориентирани кон репродукција на моменталната

состојба. На тој начин, дополнително се проблематизира етнополитичката рамка на БиХ (Kurtović 2011: 242–253).

Март Бакс создава етнографија за Меѓугорје во Херцеговина, место за аџилак за многу припадници на римокатоличката вера во светот. Неговото истражување било оспорено бидејќи навел дека наводните натприродни појави почнале да зачестуваат во времето кога фрањевачкиот ред почнал да го губи својот повеќевековен авторитет во БиХ. Недостигот од испитаници и пишани извори се главните точки за критика, што е детално објаснето. Самиот Бакс бил наречен „измамник“, а неговата книга „деградација на сите научни трудови“ (Jolić 2012: 309–328, според Bax 1995). Додека Скот Боленс се занимавал со градовите поделени по етничка, политичка и друга основа во светот со комбинирање на етнографскиот метод со обемна фактографија, а со тоа и во Сараево и во Мостар (Bollens 2001: 169–187; Bollens 2007: 83–129, 167–202), Вани Д’Алесио истовремено се обидувал да ги согледа феномените на ваквите урбани средини низ поимот *сӣорен* град. Тоа значи дека државата не располага со формално-правен суверенитет за решавање на проблемите во градот, а таквите целини дури може и да послужат како основа за испитување на социоекономските аспекти на модернизацијата. Со ова се проширува поимот на поделениот град и на големите светски метрополи како Лондон, Париз, Њујорк итн., каде што, поради социјалната стратификација, градот не претставува единствена, кохезивна целина (D’Alessio 2013: 451–480).

Истражувајќи како жителите паметат во Мостар, низ сведочењето на припадници на три генерации што зборуваат за настаните од минатото, Моника Палмбергер го воведува поимот *īенерациско ӣозиционирање* токму затоа што моменталните животни ситуации и искуства на истражуваните го обликуваат присеќавањето на претходното време. Јавниот дискурс, хрватски и бошњачки, се споредува со овие искази и се воочуваат генерациски сличности, покрај прокламираните национални (Palmberger 2016). Со културата на сеќавањето во Сребреница и со односот на меѓународниот фактор спрема ова се занимавале Лара Џ. Нетелфилд и Сара Е. Вагнер (Nettelfield, Wagner 2015), додека Кимберли Колс ја истражувала изборната пракса под покровителство на странскиот интервенционизам (Coles 2007). Федерика Тарабузи се обидела да ја следи работата на една италијанска НВО во БиХ (Tarabusi 2010), а Џули Ен Робертс ги истражувала воените злосторства врз децата (Roberts 2011). Јорген Виен ги анализира меѓуетничките односи и етничката припадност на младите во Брчко во однос на етнополитичката структура и различната култура на сеќавање кај Бошњаците, Србите и Хрватите (Wien 2017).

Џулија Карабели го истражувала урбицидот, односно радикалните архитектонски промени што исто така се одразиле на општествените односи во Мостар во текот на 2009 и 2010 година. Пешачењето се покажало како згодна рефлексивна пракса, бидејќи набљудувањето, снимањето и собирањето податоци се вршат за време на прошетка. Авторката забележува дека градот не станал единствен простор за сите негови жители со текот

на времето, што може да се почувствува преку неформалните разговори со различни луѓе. Карабели исто така извршила истражување поврзано со спроведувањето на проектот *(Re) collecting Mostar*, во режија на организацијата Абарт во текот на 2009 година. Целта на проектот била да се види на кој начин јавните простори во Мостар се користат во контекст на места на сеќавање, а потоа да се осмисли како поделбите може да се надминат со одржување изложби, работилници и уметнички перформанси во „граничните“ подрачја (Carabelli 2013: 48–63; Carabelli 2014: 201–206; Carabelli 2016: 116–128). Јоанис Армаколас го користел етнографскиот метод за истражување на наративите и просторните практики на Србите во однос на Сараево, кои почнале да живеат на Пале по војната. Неговата културна заднина и односот со локалната заедница му помогнале да ја согледа авторефлексивно методолошката позиција и другите проблеми во текот на истражувањето. Иако имал јазична бариера, немал пречки со луѓето да разговара, што било условено не само од неговата етничка припадност туку и од гостопримството на малата група луѓе со кои се запознал порано (Armakolas 2001: 165–182; Armakolas 2007: 79–99).

Проблемот со јазичната бариера беше нагласен од двајцата истражувачи со кои имав електронска преписка. Адам Мур веднаш истакна дека се смета себеси за „аутсајдер“, без познати врски во регионот и без добро познавање на јазикот заради разбирање. За разлика од Брчко каде што имал прилично отворена комуникација со локалните политичари и други испитаници на кои можел да им каже дека прави компаративно истражување на двата града, во Мостар случајот во целост бил спротивен. Бидејќи го истражувал процесот на градење мир во двата града, очигледно било дека во Мостар ова не било случај. Многу брзо сфатил дека на своите информатори не смее да им каже дека тие ќе бидат „материјал за споредба“ (Адам Мур, електронска порака: 15 – 27.11.2016). Иако има подобро знаење на јазикот од Мур, Питер Лок веднаш се извини откако ми го испрати својот текст. Како што наведе, „има многу што не сторив како што треба во мојот етнографски труд, вклучувајќи го и неуспехот да цитирам клучни колеги и преголемата генерализација на одредени работи за Босанците. Оттаму, се надевам дека ќе го читаш мојот труд великодушно“. Овој неуспех тој делумно го поврзува со наведената културна бариера (Питер Лок, електронска порака: 11 – 12.4.2017). Отпрвин не го разбрав проблемот со јазичните бариери. Набрзо ја увидов важноста на меѓусебното разбирање со истражуваните, особено откако започнав со сопственото истражување за процесите на идентификација во контекст на празниците и економијата во Мостар и Сараево на крајот од 2017 година. Она што го осознав и сè уште го осознавам, понекогаш ми се чини „поблиско“ како за некој кој може да ја „разбере“ културата на луѓето.

## Завршни набљудувања и иднина на етнологијата и антропологијата во Босна и Херцеговина

Со овој краток преглед на ситуацијата во која се наоѓа етнологијата и антропологијата во Босна и Херцеговина, од своето конституирање до современиот период, во текот на различните социоекономски системи и културни рамки, се обидов да ги воведам читателите и научната заедница во она што се случува на тој план. Досегашните истражувања во оваа област главно доаѓаат од перото на авторите од „развиените“ земји, како и од домашните автори што се едуцирале и усовршувале на тамошните универзитети. Уште еднаш напоменувам дека во овој текст не се споменати истражувањата на сите автори што се занимавале со Босна и Херцеговина по војната, туку оние до кои дојдов со пребарување, читање и разговори со колегите. Нивниот фокус главно се темели врз теми во врска со воените конфликти и поствоената општествена реалност. Меѓутоа, Одделението за етнологија на Народниот музеј во Сараево, пред почетокот на војната во 1992 година, своето внимание повеќе го фокусира кон традиционалната култура на одделни „етнографски микрорегиони“. Токму поради врската со музејските, но не и со академските институции, етнологијата во Босна и Херцеговина не ја доживеала антрополошката трансформација што ги зафатила Србија, Хрватска и Словенија во текот на седумдесеттите години на минатиот век. Неколкуте обиди таа да се втемели на универзитетите не вродиле со плод.

Како ќе се развива оваа дисциплина понатаму е големо прашање. Сепак, нејзиното понатамошно обликување има потенцијал да ги согледа минатите и сегашните културни и општествени процеси во Босна и Херцеговина. На овој начин се добива увид во тоа дека комплексноста на оваа област може во иднина да биде поттик за некои идни истражувања и движења. Дали препознатливоста и привлечноста на истражувањето, најшироко речено, на културата, ќе дојде на „дневен ред“, не зависи само од факторите „одозгора“. Важен чинител е и она што се прави „одоздола“, односно што можат поединците да направат во однос на тоа прашање. Од една страна, развојот може да се одвива во насока на натамошно зајакнување на етнолошката музејска основа, но од друга страна, комбинирањето на оваа основа со потенцијалниот академски пристап ветува светла иднина за етнологијата и антропологијата во Босна и Херцеговина.

## Извори

„Odjeljenje za etnologiju Zemaljskog muzeja Bosne i Hercegovine“, http://www.zemaljskimuzej.ba/bs/etnologija, пристапено на: 21.10.2018.

„Odsjek sociologija master studij“, http://fpn.unsa.ba/b/wp-content/uploads/2017/02/B-SOC-NNP_MA-2015-161.pdf, пристапено на: 21.10.2018.

„Otvoren Zemaljski muzej Bosne i Hercegovine“, Al Jazeera Balkans, 15.9.2015, http://balkans.aljazeera.net/vijesti/otvoren-zemaljski-muzej-bosne-i-hercegovine, пристапено на: 21.10.2018.

„Smjer turizam i zaštita životne sredine“, http://www.pmf.unsa.ba/geografija/files/I%20ciklus/Turizam_i_zatita_ivotne_sredine.pdf, пристапено на: 21.10.2018.

„Univerzitet Crne Gore – Lidija Vujačić“, https://www.ucg.ac.me/radnik/190981-vujacic-lidija, пристапено на: 21.10.2018.

**Литература**

Вујачић, Лидија. 2005. „Етнологија и антропологија у Црној Гори (институционални и професионални оквири)“. *Етнологија и антропологија – стање и перспективе*, ур. Драгана Радојичић. Београд: Етнографски институт САНУ, 11–19.

Глушчевић, Манојло, Милош Бјеловитић, Неџад Хаџидедић, Јован Трифуновски. 1962. „Живот и рад проф. др Миленка С. Филиповића – поводом шездесетгодишњице живота“. *Географски преглед* VI: 13–24.

Дрљача, Душан, Радомир Д. Ракић. 1999. „Етнологија у Републици Српској и српски духовни простор“. *Српски духовни простор*, ур. Милорад Екмечић, Научни скупови, књига 1, Одјељење друштвених наука, књига 1. Бања Лука – Српско Сарајево: Академија наука и умјетности Републике Српске, 391–421.

Карановић, Милан. 1937a. „Цвијићеви напори око проучавања Босне“. *Просвета*, 15.2.1937, 101–109. http://www.infobiro.ba/.

Карановић, Милан. 1937b. „Цвијићеви напори око проучавања Босне, II“. *Просвета*, 15.3.1937, 186–191. http://www.infobiro.ba/.

Ковачевић, Иван. 2005. „Из етнологије у антропологију – српска етнологија у последње три деценије 1975–2000“. *Етнологија и антропологија – стање и перспективе*, ур. Драгана Радојичић. Београд: Етнографски институт САНУ, 11–19.

Миљковић Матић, Јелена А. 2012. *Миленко Филиповић у српској етнологији*, докторска дисертација. Универзитет у Београду.

Миљковић Матић, Јелена. 2018. *Миленко С. Филиповић и национална наука*. Београд: Институт за политичке студије.

Пејановић, Ђорђе. 1955. „Становништво Босне и Херцеговине“. *Посебна издања Српске академије наука*, књига CCXXIX*, Одељење друштвених наука*, Нова серија, књига 12. Београд: Српска академија наука.

Пјевић, Бранко. 1998. *Традиционална култура Срба Сарајевског поља*. Дипломски рад. Универзитет у Београду.

Пјевић, Бранко. 2008. „Традиционална сеоска окупљања и забаве, као социокултурни феномен с посебним освртом на сијела и прела у Сарајевском пољу и околини“. *Баштинар* VI (11–12): 33–73.

Филиповић, Миленко С. 1949. „Живот и обичаји народни у Вискочкој нахији“. *Српски етнографски зборник*, књига LXI, *Живот и обичаји народни*, књига 27. Београд: Српска академија наука.

Филиповић, Миленко С. 1955. „Рама у Босни“. *Српски етнографски зборник*, књига LXIX. Београд: Српска академија наука.

Филиповић, Миленко С., Љубо Мићевић. 1959. „Попово у Херцеговини – антропогеографски приказ“. *Дјела*, књига XV, *Одјељење историјско-филолошких наука*, књига 11. Сарајево: Научно друштво НР Босне и Херцеговине.

Armakolas, Ioannis. 2001. „A Field Trip to Bosnia: The Dilemmas of the First-Time Researcher“. *Researching Violently Divided Societies: Ethical and Methodological Issues*, eds. Marie Smyth, Gillian Robinson. Tokyo – New York: United Nations University Press, 165–183.

Armakolas, Ioannis. 2007. „Sarajevo No More? Identity and the Experience of Place among Bosnian Serb Sarajevans in *Republika Srpska*“. *The New Bosnian Mosaic: Identities, Memories and Moral Claims in a Post-War Society*, eds. Xavier Bougarel, Elissa Helms, Ger Duijzings. Aldershot: Ashgate Publishing Limited, 79–99.

Bajić, Svetlana. 2012. „Etnološko odjeljenje Zemaljskog muzeja Bosne i Hercegovine u Sarajevu (1888. – 2012.)“. *Informatica museologica* Vol. 43, No. 1–4: 189–197.

Bandić, Dušan. 2008. *Carstvo zemaljsko i carstvo nebesko*. Beograd: XX vek.

Bassi, Elena. 2013. *Sarajevo: divided or redoubled? Regulations, representations and practices across the boundary*. PhD diss., Università degli studi di Milano-Biocca.

Bassi, Elena. 2014. „Divided Sarajevo. Representations and Sense of Belonging across the Boundary“. *Social Analysis* Vol. 4, No. 1–2: 93–107.

Bassi, Elena. 2015. „Divided Sarajevo: space management, urban landscape and spatial practices across the boundary“. *Europa Regional* 22: 101–113.

Beljkašić-Hadžidedić, Ljiljana. 2007. *Susreti sa ljudima: iz etnografskog terenskog dnevnika*. Sarajevo: Zemaljski muzej Bosne i Hercegovine.

Biehl, João, Peter Locke. 2010. „Deleuze and the Anthropology of Becoming“. *Current Anthropology* Vol. 51, No. 3: 317–351.

Bollens, Scot A. 2001. „City and Soul: Sarajevo, Johannesburg, Jerusalem and Nicosia“. *City* Vol. 5, No. 2: 169–187.

Bollens, Scot A. 2007. *Cities, Nationalism and Democratization*. London – New York: Routledge.

Bougarel, Xavier, Elissa Helms, Ger Duijzings (eds). 2007. *The New Bosnian Mosaic: Identities, Memories and Moral Claims in a Post-War Society*. Aldershot: Ashgate Publishing Limited.

Brković, Čarna. 2012. „Potraga za vezama kao konstitutivni element biološkog aspekta državljanstva u bosanskom gradu na granici“. *Antropologija* 12.2: 123–144.

Brković, Čarna. 2014. „Surviving in a Moveopticon: Humanitarian Actions in Bosnia and Herzegovina“. *Contemporary Southeastern Europe* 1 (2): 42–60.

Brković, Čarna. 2016. „Scaling Humanitarism: Humanitarian Actions in a Bosnian Town“. *Ethnos: Journal of Anthropology* 81 (1): 99–124.

Bugarski, Astrida. 2009. *Bosanske brvnare: drvo-čuvar najstarijih graditeljskih vještina stanovnika Bosne*. Sarajevo: Zemaljski muzej Bosne i Hercegovine.

Carabelli, Giulia. 2013. „Living (Critically) in the Present: Youth Activism in Mostar (Bosnia Herzegovina)“. *European Perspectives – Journal on European Perspectives of the Western Balkans* Vol. 5, No. 1 (8): 48–63.

Carabelli, Giulia. 2014. „'Gdje si? Walking as a Reflexive Practice'“. *Walking the City: Quotidian Mobility and Ethnographic Methods*, eds. Timothy Shortell, Evrick Brown. London: Routledge, 191–207.

Carabelli, Giulia. 2016. „Rubbers, pens and crayons: Rebuilding Mostar through art interventions“. In *Politics of Identity in Post-Conflict States. The Bosnian and Irish Experience*, eds. G. Vojvoda-Engstler, E. O' Ciardha. London – New York: Routledge, 116–128.

Coles, Kimberley. 2007. „Ambivalent Builders: Europeanization, the production of difference, and internationals in Bosnia-Herzegovina“. *The New Bosnian Mosaic: Identities, Memories and Moral Claims in a Post-War Society*, eds. Xavier Bougarel, Elissa Helms, Ger Duijzings. Aldershot: Ashgate Publishing Limited, 255–272.

Čapo, Jasna, Valentina Gulin Zrnić. 2014. „Croatian Ethnology as Cultural Anthropology at Home“. *Ethnologica Balcanica* 17: 49–62.

Čvrljak, Krešimir. 1984. „Natko Nodilo (1834–1912) i njegova rekonstrukcija hrvatskog i srpskog pravovjerovanja. Stariji i novi prosudbeni odjeci“. *Prilozi* 10 (1–2): 97–124.

D'Alessio, Vanni. 2013. „Divided and Contested Cities in Modern European History. The Example of Mostar, Bosnia-Herzegovina“. *Beyond the Balkan: Toward an Inclusive History of Southeastern Europe*, ed. Sabine Rutar. Zürich – Münster: Lit Verlag, 451–480.

Duranović, Elvir. 2011. *Elementi staroslavenske tradicije u kulturi Bošnjaka*. Bugojno: autor.

Đukić, Danijela, Ana Popović, Vesna Vučinić Nešković. 2014. „Ethnology in Montenegro: an Overview from 1990 to the Present“. *Ethnologica Balcanica* 17: 199–207.

Efendić, Nirha. 2015. *Bošnjačka usmena lirika – kulturnohistorijski okviri geneze i poetička obilježja*. Sarajevo: Slavistički komitet, Sarajevo i Zemaljski muzej Bosne i Hercegovine.

Filipović-Fabijanić, Radmila. 1970. „Kratak pregled i karakteristike etnološkog rada u BiH u vremenu 1945–1969“. *Radovi XI savjetovanja etnologa Jugoslavije*, ur. Fikret Ibrahimpašić. Zenica: Izdanja Muzeja grada Zenice, 155–169.

Gilbert, Andrew. 2017. „The Limits of Foreign Authority: Publicity and the Political Logic of Ambivalence in Postwar Bosnia and Herzegovina“. *Comparative Studies in Society and History* 59 (2): 415–445.

Gorunović, Gordana. 2006. „Pseudomarksizam i protofunkcionalizam u srpskoj etnologiji: Kulišić vs. Filipović“. *Етноантрополошки проблеми*, н.с. 1.2: 185–208.

Hayden, Robert M. 2002. „Antagonistic Tolerance: Competitive Sharing of Religious Sites in South Asia and the Balkans“. *Current Anthropology* 43(2): 205–231.

Hayden, Robert M. 2007. „Moral Vision and Impaired Insight: The Imagining of Other Peoples' Communities in Bosnia“. *Current Anthropology* 48(1): 105–131.

Hayden, Robert M., Tuğba Tanyeri-Erdemir, Timothy D. Walker, Aykan Erdemir, Devika Rangachari, Manuel Aguilar-Moreno, Enrique López-Hurtado, Milica Bakić-Hayden. 2016. *Antagonistic Tolerance: Competitive Sharing of Religious Sites and Spaces*. London: Routledge.

Helms, Elissa Lynelle. 2003. *Gendered Visions of the Bosnian Future: Women's Activism and Representation in Post-War Bosnia-Herzegovina*. PhD diss., University of Pittsburgh.

Hromadžić, Azra. 2011. „Bathroom Mixing: Youth Negotiate Democracy in Postconflict Bosnia and Herzegovina“. *PoLAR: Political and Legal Anthropology Review* 34 (2): 268–289.

Hromadžic, Azra. 2012. „Once We Had a House: Invisible Citizens and Consociational Democracy in Post-war Mostar, Bosnia and Herzegovina“. *Social Analysis* 56(3): 30–48.

Hromadžić, Azra. 2015. „Dissatisfied Citizens: Ethnonational Governance, Teachers' Strike and Professional Solidarity in Mostar, Bosnia-Herzegovina“. *European Politics and Society, Special Issue Europeanizing the spaces for lived citizenship in the post-Yugoslav states* 16 (3): 429–446.

Hromadžic, Azra. 2017. *Samo Bosne nema*. Beograd: XX vek.

Ibraković, Dželal. 2008. *Bosna, islam – Bošnjaci (etnološko-povijesne skice)*. Sarajevo: Fakultet poličkih nauka.

Jansen, Stef. 2013. „People and things in the ethnography of borders: materialising the division of Sarajevo“. *Social Anthropology/Anthropologie Sociale* 21 (1): 23–37.

Jansen, Stef. 2015. *Yearnings in the Meantime. 'Normal Lives' and the State in a Sarajevo Apartment Complex*. New York – Oxford: Berghahn Books.

Jansen Stef, Čarna Brković, Vanja Čelebičić (eds.). 2017. *Negotiating Social Relations in Bosnia and Herzegovina*. London – New York: Routledge.

Jašarević, Larisa. 2014. „Interplanetary Present: On a Spectacle of Mass Healing and Gifting in Bosnia“. *Anthropological Forum* 24(4): 1-13.

Jašarević, Larisa. 2017. „Excavating the Common Ground: Bosnian Pyramids and Post-National Communities“. *Negotiating Social Relations in Bosnia and Herzegovina*, eds. Stef Jansen, Čarna Brković, Vanja Čelebičić. London – New York: Routledge, 179–193.

Jolić, Friar Robert. 2012. „Fabrications on Medjugorje: on Mart Bax' Research". Review of *Medjugorje: Religion, Politics, and Violence in Rural Bosnia*, by Mart Bax. *Studia ethnologica Croatica* 25(1): 309–328.

Kajmaković, Radmila. 1974. „Semberija – etnološka monografija". *Poseban otisak iz Glasnika Zemaljskog muzeja Bosne i Hercegovine u Sarajevu, Etnologija*, Nova serija, sveska XXIX. Sarajevo: Zemaljski muzej u Sarajevu.

Katić, Mario (ur.). 2011. *Usora: prošlost, običaji, životna svakodnevica*. Zagreb: Zavičajni klub Usorskog kraja.

Katić Mario, Stjepan Marčetić (ur.). 2014. *Ravne-Brčko: prošlost, običaji, životna svakidašnjica*. Zadar: Sveučilište u Zadru. Boće: Župa Boće.

Katić, Mario, Velimir Bugarin (ur.). 2016. *Novi Travnik – između utopije i nostalgije*. Zadar: Sveučilište u Zadru, Udruga „Baština" Novi Travnik i HKD „Napredak" Sarajevo.

Križanec-Beganović, Danijela. 2017. „Pogrebni običaji Bošnjaka u Mahali kod Breze – običajne prakse i vjerski propisi". *Studia Mythologica Slavica* 20: 233–253.

Kurtović, Larisa. 2011. „Etnografski eksperimenti: Manifest za podršku razvoja društvenokulturne antropologije u Bosni i Hercegovini i kratak pregled studentskih radova". *Godišnjak Fakulteta političkih nauka u Sarajevu* 5 i 6: 359–390.

Kurtović, Larisa. 2014a. „Conundrums of Ethnological and Anthropological Research in Bosnia-Herzegovina". *Ethnologica Balcanica* 17: 45–54.

Kurtović, Larisa. 2014b. „Cataloguing tradition in a socialist republic: ethnology in Bosnia-Herzegovina 1945–1990". *Anthropological Field on the Margins of Europe, 1945–1991*, eds. Chris Hann, Aleksandar Bošković. Berlin: Lit Verlag, 305–339.

Kurtović, Larisa. 2015. „The Paradoxes of Wartime 'Freedom': Alternative Culture during the Siege of Sarajevo". *Opiranje zlu: (Post) Jugoslovenski anti-ratni angažman*, ur. Bojan Bilić, Vesna Janković. Zagreb: Jesenski i Turk, 197–224.

Leka, Alma. 2017. *Muzeji, zbirke i galerije u Bosni i Hercegovini*. Sarajevo: Udruženje ICOM, Nacionalni komitet Bosne i Hercegovine.

Lockwood, William G. 1975. *European Moslems: Economy and Ethnicity in Western Bosnia*. New York – London: Academic Press, Inc.

Lofranco, Zaira Tiziana. 2012. „Minorities and housing entitlements in shifting political systems: legal provisions and the experience of displaced Sarajevans". *Changing Urban Landscapes: Eastern European and Post-Soviet Cities, Since 1989*, ed. Marco Buttino. Roma: Viella, 179–209.

Maček, Ivana. 2009. *Sarajevo Under Siege: Anthropology in Wartime*. Philadelphia: University of Pennsylvania Press.

Malinov, Zorančo. „The Influence of Serbian Ethnological Scientific Thought on the Development of Macedonian Ethnology". *Гласник Етнографског института САНУ* LXVI (1): 101–116.

Markovitz, Fran. 2010. *Sarajevo. A Bosnian Caleidoscope*. Urbana, Chicago and Springfield: University of Ilinnois Press.

Moore, Adam. 2008. „Iza Dejtonske Bosne“. *Odjek – Revija za umjetnost, nauku i društvena pitanja* 2: 23–28.

Moore, Adam. 2013. *Peacebuliding in practice: Local experience in two Bosnian towns*. New York: Cornell University Press.

Moore, Adam. 2016. „Ethno-territoriality and Ethnic Conflict“. *Geographical Review* 106 (1): 92–108.

Muršič, Rajko. 2003. „Teaching anthropology in Slovenia: 'Small languages' – chaos in the field“. *Educational histories of European social anthropology, (Learning fields, Vol. 1)*, ed. Schippers, Thomas K. 113–125. New York – Oxford: Berghahn Books.

Muršič, Rajko. 2017. „Power, knowledge and freedom: persisting continental ethnologists“. *Against all odds: ethnology and anthropology between theory and praxis*, eds. Risteski, Ljupčo S., Ines Crvenkovska-Risteska. 55–69. Skopje: Faculty of natural sciences and mathematics, Institute of Ethnology and Anthropology.

Naumović, Slobodan. 2002. „The Ethnology of Transformation as Transformed Ethnology: The Serbian Case“. *Ethnologica Balcanica* 6: 7–37.

Nettelfield, Lara J., Sarah E. Wagner. 2015. *Srebrenica nakon genocida*. Sarajevo: Institut za istoriju u Sarajevu.

Palmberger, Monika. 2016. *How Generations Rember. Conflicting Histories and Shared Memories in Post-War Bosnia and Herzegovina*. London: Palgrave Macmillan.

Popić Filipović, Marica. 2012. „Zemaljski muzej Bosne i Hercegovine u postdaytonskoj Bosni i Hercegovini“. *Informatica museologica* 43(1–4): 185–188.

Povrzanović Frykman, Maja. 2003. „The War and After. On War-Related Anthropological Research in Croatia and Bosnia-Herzegvoina“. *Etnološka tribina* 33(26): 55–74.

Rand Bringa, Tone. 1991. *Gender, Religion and the Person: The 'Negotiation' of Muslim Identity in Rural Bosnia*. PhD diss., University of London.

Rihtman-Auguštin, Dunja. 1994. „Etnologija između etničke i nacionalne identifikacije“. *Studia ethnologica Croatica* 6(1): 151–158.

Risteski, Ljupčo. 2017. „Introduction. 10 years Institute of Ethnology and Anthropology (2005-2015)“. *Against all odds: ethnology and anthropology between theory and praxis*, eds. Risteski, Ljupčo S., Ines Crvenkovska-Risteska. 7–17. Skopje: Faculty of natural sciences and mathematics, Institute of Ethnology and Anthropology.

Roberts, Julie Ann. 2011. *An anthropological study of war crimes against children in Kosovo and Bosnia-Herzegovina in the 1990s*. PhD diss., University of Glasgow.

Softić, Aiša. 2005. *Zbornik bošnjačkih usmenih predaja*. Sarajevo: Sarajevo Publishing.

Softić, Aiša. 2009. „Tragom bošnjačkih narodnih običaja“. *Život i običaji muslimana u Bosni i Hercegovini*, Antun Hangi. 459–533. Sarajevo: Zemaljski muzej Bosne i Hercegovine.

Stefansson, Anders. 2007. „Urban Exile: Locals, Newcomers and the Cultural Transformation of Sarajevo“. *The New Bosnian Mosaic: Identities, Memories and Moral Claims in a Post-War Society*, eds. Xavier Bougarel, Elissa Helms, Ger Duijzings. 59–77. Aldershot: Ashgate Publishing Limited.

Stefansson, Anders. 2010. „Coffee after cleansing? Co-existence, co-operation, and communication in post-conflict Bosnia and Herzegovina“. *Focaal – Journal of Global and Historical Anthropology* 57: 62–76.

Tarabusi, Federica. 2010. „Towards educational inclusion in Bosnia-Herzegovina. ‘Project ethnography’ in development anthropology“. *Ricerche di Pedagogia e Didattica* 5(2): 1–20.

Wien, Jørgen. 2017. *My Parents Never Taught Me to Hate: A Study of Inter-ethnic Relations and Reconciliation among Youth in Brcko, Bosnia and Herzegovina*. Master Thesis, Univeristy of Oslo.

Žila, Ondrej. 2013. „Ethno-demographic development in Bosnia and Herzegovina in 1971–1991 and its propensity for ethnic conflict“. *Acta Universitatis Palackianae Olomucensis – Geographica* 44(1): 5–25.

Žila, Ondrej. 2015. „The Myth of Return: Bosnian Refugees and the Perception of ‘Home’“. *Geographica Pannonica* 19(3): 130–145.